Училишната комисија за запишување на ученици во I (прва) година во учебната 2026/2027 година во СУГС Гимназија „Јосип Броз Тито“- Скопје, врз основа на точка 5 од Конкурсот за запишување на ученици во јавните средни училишта за учебната 2026/2027 година во Република Северна Македонија објавен од Министерство за образование и наука, точка 2 став 1 алинеја 2 од одлуката за формирање на училишна комисија (бр.04-268/1 од 08.04.2025 година), а во врска со одлуката за објавување интерен конкурс за запишување на ученици во прва година во јунскиот уписен рок (прво пријавување) во учебната 2026/2027 година во Средно училиште на Град Скопје Гимназија „Јосип Броз Тито“ - Скопје (бр.04-268/2 од 08.04.2025 година) објавува:

# И Н Т Е Р Е Н О Г Л А С
# ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИ ВО ПРВА ГОДИНА ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА УЧЕБНАТА 2026/2027 година

## I. БРОЈ НА УЧЕНИЦИ И ПАРАЛЕЛКИ

Во **I прва** година во учебната **2026/2027 година ќе се запишат**: вкупно - **408 ученици во 12 паралелки од кои**:

- **10 (десет) паралелки (340 ученици) на македонски наставен јазик -** според наставните планови и програми за гимназиско образование
- **2 (две) паралелки (68 ученици) на турски наставен јазик -** според наставните планови и програми за гимназиско образование.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| МАКЕДОНСКИ јазик | 340 ученици | 10 паралелки | 4 год траење | минимум 60 поени |
| ТУРСКИ јазик | 68 ученици | 2 паралелки | 4 год траење | минимум 60 поени |

Во рамките на **10 – те паралелки гимназиско образование** во една паралелка ќе бидат запишани максимум 34 ученици, во која германски јазик ќе се изучува со **6 (шест) часа неделен фонд.**

## II. УСЛОВИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

Запишувањето на учениците во СУГС Гимназија „Јосип Броз Тито“ - Скопје учебната 2026/2027 година ќе се врши под услови и на начин утврдени со Законот за средното образование и Конкурсот за запишување на ученици во јавните средни училипшта во учебната 2026/2027 год, и овој интерен оглас.

**Услови за запишување на учениците се:**

- да имаат завршено основно образование;
- да не се постари од 17 години, а ученик со посебни образовни потреби да не е постар од 25 години.
- да се определат за план и програма за г и м н а з и с к о образование;
- да ги исполнуваат критериумите утврдени со овој Интерен Оглас.
- Учениците од ромската етничка заедница можат да се запишат ако имаат до 10%

помалку поени од бројот на поените предвидени согласно Конкурсот за соодветните наставни планови и програми и ако ги задоволуваат дополнителните критериуми за испит на знаење и вештини.

## III.ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ:

Пријавувањето на учениците ќе се врши преку електронско аплицирање, преку линк до порталот за електронски услуги на Министерството за образование и наука https://e-uslugi.mon.gov.mk со посебна најава за средношколци преку сопствените кориснички сметки на Schools.mk.

По успешното електронско пријавување, учениците при пријавувањето во избраното средно училиште ја доставуваат следната документација:

- **пријава за запишување** (пријавата учениците можат да ја генерираат со печатење на електронската пријава преку системот за е-услуги);
- **оригинални свидетелства од VI до IX** одделение;
- **дипломи** (доколку имаат) од освоени (I, II и III) места од меѓународни натпревари и/или освоено I место на државен натпревар;
- **извод од матичната книга на родените** (без оглед на датумот на издавањето).

Некомлетирани документи нема да се примаат

## IV. КОНКУРСНИ РОКОВИ

Пријавувањето на учениците ќе се врши во:

- **ЈУНСКИ УПИСЕН РОК со две пријавувања:**

* **Првото електронско пријавување** на учениците ќе се врши од **00:00 часот на 12 јуни до 23:59 часот на 15 јуни 2026 година.**

- Доставувањето на потребната документација до училиштата е на **16 јуни 2026 година од 08.00 часот до 19.00 часот и 17 јуни 2026 година од 08.00 часот до 15.00 часот.**

- Конечната ранг листа со резултатите од запишувањето и слободните места, училиштето ја објавува на **18 јуни 2026** година, најдоцна **до 12.00 часот**, на јавно место во училиштето и/или на училишната интернет страница.

- Доколку со примена на основните критериуми за избор, на ранг-листата се појават поголем број ученици од планираниот број со еднаков број на поени, ќе се организира квалификационо тестирање. на 22 јуни 2026 година, а конечната ранг листа со резултатите ќе се објави истиот ден на огласна табла на училиштето и/или веб страната на училиштето.

* **Второто електронско пријавување** на учениците ќе се врши на **23 јуни 2026 година од 00:00 часот до 23:59 часот.**

- Доставувањето на потребната документација до училиштата е на **24 јуни 2026 година од 08.00 до 15.00 часот.**
- Конечната ранг листа со резултатите од запишувањето и слободните места, секое училиште ја објавува на **25 јуни 2026 година**, најдоцна до **12.00 часот**, на јавно место во училиштето и/или на училишната интернет страница.

. Доколку со примена на основните критериуми за избор, на ранг-листата се појават поголем број ученици од планираниот број со еднаков број на поени, ќе се организира квалификационо тестирање на 29 јуни 2026 година, а конечната ранг листа со резултатите ќе се објави истиот ден на огласна табла на училиштето и/или веб страната на училиштето.

- **АВГУСТОВСКИ УПИСЕН РОК:**

-Учениците кои се упатени на поправни испити, испит на година, испити за побрзо напредување, може да се запишат во училиштата во кои има слободни места и ги исполнуваат условите пропишани во Конкурсот, после јунскиот уписен рок со две пријавувања.

- Пријавување на учениците ќе се врши на **20 август 2026 година од 00.00 часот до 15.00 часот електронски.**
- Доставувањето на потребената документација до училиштата е на **21 август 2026 година од 08.00 часот до 14.00 часот.**
- **Конечната ранг листа** со резултатите од запишувањето и слободните места, училиштето ја објавува истиот ден, најдоцна до **19.00 часот** на огласна табла или веб страна на училиштето.

По објавување на конечната ранг листа со резултатите од запишувањето, учениците кои не се запишани во училиштето, задолжително ја подигнуваат целокупната доставена документација поднесена во училиштето во рок од 24 часа, а училиштата имаат обврска да ја вратат целокупната документација на учениците во рок од 24 часа.

## V. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР

**Критериуми за избор на учениците се:**

- средниот успех на ученикот од VI до IX одделение;
- средниот успех на ученикот постигнат по четири предмети (мајчин јазик, странски јазик и два предмети што се од значење за секторот (математика и историја за гимназиско образование);
- диплома од освоено (I, II и III) место од меѓународен натпревар како и освоено прво

место на државен натпревар организиран од акредитирани здруженија на наставници за реализација на натпревари во основно образование од страна на Министерство за образование и наука;

- средна вредност од поени добиени за поведение од IV и IX одделение.
- некомлетирани документи нема да се примаат

Наставни предмети од основното образование кои се предвидени во критериумите за рангирање на успехот на учениците за гимназиско образование се:

| **Гимназиско образование** | **Наставни предмети кои се задолжителни** | **Наставни предмети кои се од значење за подрачје** |
|---|---|---|
| ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ | Мајчин јазик и англиски јазик | математика, историја |

Доколку се пријават поголем број ученици од планираниот број предвиден во овој конкурс, а кои ги исполнуваат предвидените услови, се организира квалификациско тестирање на наставниот материјал од осмо и деветто одделение по следните наставни предмети
-за гимназиско образование - мајчин јазик и математика;

Тестирањето се однесува за сите ученици кои имаат ист број поени и се под и над последниот реден број предвиден за прием согласно конкурсот.

За примените ученици кои ќе одберат да изучуваат германски јазик со 6 часа неделен фонд во училиштето, доколку нивниот број е поголем од 34, ќе се организира квалификациско теститање по германски јазик.

1.За средниот успех од VI до IX одделение ученикот може да добие најмногу 50 поени (општиот успех од шесто, седмо, осмо и деветто одделение се собира, се дели на четири и истиот број се множи со коефициент 10).

2.За средниот успех постигнат од четирите предложени наставни предмети (два наставни предмети задолжително за сите видови образование и два предмети што се значајни за секторот), ученикот може да добие најмногу 20 поени (5 поени за секој предмет).

3.За освоено прво место на државен натпревар организиран од акредитирано здружение на наставници за реализација на натпревари во основно образование од страна на Министерство за образование и наука, ученикот може да добие 3 поени. За освоено прво, второ или трето место, односно златен, сребрен или бронзен медал на меѓународен натпревар-ученикот може да добие 5, 4 или 3 поени соодветно.

4.За средна вредност од поените за поведение од VI до IX одделение, ученикот може да добие најмногу 5 поени. (Примерно поведение се вреднува со 5 поени, добро поведение се вреднува со 3 поени и незадоволително поведение се вреднува со 0 поени. Средната вредност е збир од поените за поведението од шесто, седмо, осмо и деветто одделение поделен со 4).

5. Учениците кои конкурираат за паралелката во која се изучува германски јазик со 6 часа неделен фонд потребно е да го изучувале германскиот јазик во основно образование најмалку 4 години.

**Ученикот по сите критериуми утврдени со овој конкурс може да добие најмногу 80 поени.**

6**. Минималниот број поени** со кој учениците ќе можат да конкурираат за запишување во СУГС Гимназија “Јосип Броз Тито” - Скопје **е 60 поени**, за првиот уписен рок, прво пријавување.

7.За учениците кои завршиле деветто одделение во Република Северна Македонија, а едно, две или три одделенија (VI, VII или VIII одделение) завршиле во странство, за тие одделенија се зема успехот од деветто одделение и важат истите критериуми за избор на ученици дадени погоре, но со предходно нострифицирани сведителства..

## VI. ИЗБОР И ЗАПИШУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

1. Изборот и запишувањето на учениците се врши, врз основа на ранг листа изготвена според вкупниот број поени што се пресметуваат одделно за секој ученик.

2. Вкупниот број поени се утврдува според критериумите за избор на учениците.

3. Во рамките на предвидениот број ученички места утврдени со овој оглас имаат право да се запишат и учениците кои ја повторувале годината и кои во определениот рок се пријавиле како повторувачи со право да го задржат статусот на редовен ученик.

Претседател на Училишна комисија
Силвана Кржовска